# ФИСКАЛИЗАЦИЈА
# Права на потрошувачот

## Побарајте фискална сметка!

Како купувач на доброто, односно корисник на услугата побарајте фискална сметка во моментот на предавање и плаќање на доброто, односно на извршување и плаќање на услугата.
Фискалната сметка претставува потврда дека сте купиле, односно дека сте ја платиле цената на соодветното добро, односно користената услуга од соодветниот деловен објект, на датумот кој е отпечатен на сметката.

## Кој е должен да издава фискални сметки?

Даночниот обврзник (продавач) кај кој сте извршиле промет, односно сте купиле добра или сте користеле услуги за кои сте платиле во готови пари, задолжително треба да ви издаде фискална сметка за извршениот промет.

- При плаќање на доброто или услугата со платежна картичка треба да се издава фискална сметка.
- За продажба на добра на познат купувач при плаќање во готово, покрај фактура и испратница треба да се издаде и фискална сметка.
- И возачите на такси возила се должни да употребуваат фискален таксиметар и да издаваат фискална сметка на секој свој патник.
- Доколку приредувачот на културно-спортска или друга манифестација продава билети, влезници и слично, за кои наплаќа во готово треба да издава фискални сметки.
- Без разлика дали даночниот обврзник е регистриран или не е регистриран за целите на ДДВ, за прометот во готово должен е да издава фискални сметки.
- Корисниците на тезги на зелените пазари ќе отпочнат со фискализација од моментот на пристапување на Република Македонија во Европската Унија.

Даночниот обврзник е должен, на видно место да постави соопштение со кое го информира купувачот на доброто, односно корисникот на услуга за неговата обврска да бара фискална сметка.

## Кој не е обврзан да издава фискални сметки?

- Даночните обврзници (паушалисти) кои данокот од доход за приходите од вршење на дејност го плаќаат според паушално утврден нето-приход, освен таксистите;
- Граѓаните (физички лица) кои издаваат под закуп станбен или деловен простор;
- Лица кои не се трговци за прометот на непреработено и сопствено земјоделско производство што го вршат на тезги на пазари, како и надвор од пазарите;
- Лица кои вршат дејности во објекти што се наоѓаат во населени места со број на жители под 300 луѓе и кои се сместени во високопланински и тешко достапни места, со исклучок на туристички места;
- Колпортери - лицата кои вршат улична продажба на весници и списанија (колпортерска продажба);
- Лицата кои вршат улична продажба на лозовите што се употребуваат при приредување на игрите на среќа од типот инстант лотарија, како и на картичките што се употребуваат при приредување на игрите на среќа од типот томбола;
- Лицата кои вршат континуиран промет, за кој издаваат сметки и за кој се предвидени последователни плаќања (испорака на струја, вода, телефонски услуги, греење и ладење и друго); и
- Продажба на добра или услуги преку автомати за продажба кои работат со монети и книжни пари.

## Парагон блок како замена за фискална сметка?

Во случај на престанок на електричната енергија или кога фискалниот апарат е оштетен, продавачот прометот задолжително го евидентира на парагон блокови. Не е дозволено автотакси превозници и даночни обврзници кои вршат промет на нафта и нафтени деривати на мало (бензински пумпи, плински пумпи и др.) да издаваат парогон блок.

## Дали во фискалната сметка може да се искаже попуст?

Во фискалната сметка може да се искаже попуст, но истовремено покрај редовната цена на производот, односно услугата, треба да се искаже процентот (%) за кој се намалува цената и намалената цена.

## Во која валута се искажуваат износите во фискалната сметка?

Сите износи вклучувајќи го вкупниот збир треба да бидат искажани во денари.
Кога како платежно средство се користат ефективни странски пари во трансакциите со нерезиденти или платежна картичка издадена од странска банка, вкупниот промет се искажува во денари.
Апликативната програма врз основа на дневната курсна листа денарите ги претвора во ефективни странски пари и ги искажува на посебна линија на фискалната сметка, додека денарскиот износ се запишува во фискалната меморија.

## Враќање на купеното добро

Во случај на враќање на добро се издава документ „Касова сметка за сторна трансакција".
При враќањето на доброто, на продавачот треба да му ја доставите фискалната сметка која продавачот ја закачува за сторно сметката како прилог на дневниот финансиски извештај.
Не е дозволено издавање на сторно сметка при продажба на нафтени деривати и автотакси превоз.

## Право на рекламација

За да го користите правото на рекламација, треба да ја чувате фискалната сметка до истекот на гаранцискиот рок на доброто или до истекот на рокот на траење на доброто.

## Како да ја препознаете сметката што не е фискална?

За да се уверите дека издадената фискална сметка е важечка, треба да проверите:

1. Дали на самата сметка е испишан текст: "ФИСКАЛНА СМЕТКА"?
2. Дали е наведен часот, датумот на издавање и бројот на фискалната сметка?
3. Дали е впишан описот на плаќањата или делумните плаќања, вклучувајќи ги плаќањата со платежна картичка? На сметката треба да е впишано и името на издавачот на платежната картичката.
4. Сметката треба да содржи опис и количина на прометот, поединечна цена и износ по поединечни даночни стапки, евентуални подзбирови и податоци за кусур (доколку го има). Износите треба да бидат поврзани со точна даночна стапка која може да биде изразена во процент или даночен код (даночна група) и треба да биде искажан вкупниот износ на данок.
5. Вкупниот промет кој се должи треба да биде искажан со текстот "ВКУПЕН ПРОМЕТ".
6. Дали точно се наведени називот и адресата на даночниот обврзник и на објектот каде се врши прометот?
7. Дали е наведен ЕДБ (Единствениот даночен број на даночниот обврзник) и ДДВ (МК) бројот?
8. Дали е внесен регистрациониот број на фискалниот апарат?
9. Дали на фискалната сметка има отпечатено фискално лого и 2D баркод?

## Пријавете неправилности

Доколку констатирате неправилности на фискалната сметка, или продавачот одбие да ви издаде фискална сметка, истото пријавете го во Управата за јавни приходи на бесплатниот телефонски број 198 или преку интернет со пополнување на е-формулар http://ujp.gov.mk/mk/kontakt/centar

## Информирајте се повеќе за фискализацијата!

Интернет страницата на УЈП www.ujp.gov.mk ви овозможува брз и лесен пристап до публикациите, даночните информации и обрасци. Ви препорачуваме да ги преземете даночните информации за фискализација преку http://www.ujp.gov.mk/mk/vodic/category/133

Инфо центарот на УЈП, преку бесплатната телефонска линија 0800 33 000, ви овозможува да заштедите време и да користите лесна и брза комуникација со даночната администрација за општите прашања во врска со оданочувањето, одделните даночни процедури и постапки за плаќање.